Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *латински јазик* за II година (изборен предмет), односно *латински јазик* за III година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

III ГОДИНА

# ЛАТИНСКИ ЈАЗИК
## II година
## (изборен предмет)
## III година

август, 2020 година

**Гимназиско образование**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет латински јазик се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, со тоа што со скратената програма и со предвидената организација на наставата за 2020/21 година, наставниот час е со траење од 35 минути.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени за посочените наставници единици во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици за 64 наставни часа

| Подрачје - Јазик |
| --- |
| Латинско писмо (Историја и значење, Изговор, Акцент)<br>Видови зборови |
| Именки (substantiva)<br>(Падеж, род и број кај именките, Деклинации)<br>(парадигми и особености на промената, родот и бројот):<br>- I – V Прва деклинација<br>Придавки (adiectiva)<br>(Категории на придавките, Деклинирање на придавките, Компарација на придавките)<br>Заменки (pronomina)<br>(Видови заменки, Категории кај заменките, Промена на заменките по падежи)<br>Броеви (numeralia)<br>(Видови броеви, главни и редни)<br><br>Глаголи (verba)<br>Категории на личните глаголски форми<br>(лице, број, време, состојба, начин; вид; преодност)<br>Категории на безличните -инфинитивски глаголски форми (број, време, начин; вид; промена; род)<br>Градба на прости и сложени форми<br>- основи (презентска, перфектна и партиципска)<br>-времиња (презент, имперфект, футур I, перфект, плусквамперфект, футур II)<br>Конјугации I – IV |

| |
|---|
| Партицип<br><br>Неменливи зборови<br>Предлози (praepositiones)<br><br>- со акузатив, со аблатив, со акузатив или аблатив |
| **Подрачје - Римска цивилизација и култура** |
| Постанокот и развојот на Римската држава<br><br>Римска и грчка митологија<br><br>Развој на писменоста<br><br>Секојдневниот живот во античкиот Рим |

## 3. Дидактички препораки

Наставникот/наставничката следејќи ја специфичноста на наставниот предмет потребно е да го планира часот со комбинирање на содржини од двете подрачја – Јазик и Римска цивилизација и култура. Часовите реализирани преку платформа за учење од далечина (или со физичко присуство на учениците во училница) треба да бидат комбинирани со подготвени презентации од наставникот, не повеќе од 15/20 минути, во коишто наставникот ги предва предвидените грматички содржини, ги објаснува начините на превод од латински на македонски јазик и обратно, а во преостанатиот дел од часот наставникот дава упатства за редовната и дополнителна литература и начинот на којшто таа се користи во наставата, во соработка со учениците организира дискусии на теми од содржините за римската цивилизација и култура, ги следи постигањата на учениците и дава оценка за постигањата на учениците.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма по наставниот предмет *латински јазик* ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наствна програма по наставниот предмет латински јазик за III година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Арх бр. 12-8242/112

16.9.2020

Министер за образование и наука

Мила Царовска